РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-12479/4
26-12-2017 201 __ год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2018 ГОДИНА

**СКОПЈЕ,**

**декември, 2017 година**

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија ("Службен Весник на Р. Македонија бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 20 од Статутот на Јавното Претпријатие за државни патишта, Управниот одбор ја донесе Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2018 година:

## ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на Република Македонија бр.1 од 02.01.2013 година.

Претпријатието кое е запишано во Централен регистар на Република Македонија со број ЕМБС 6839673, е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

I.

# ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2018 ГОДИНА

Планираните приходи за 2018 година ги опфаќаат со Закон пропишаните извори на финансирање за вршење на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за:
   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,
   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
   д) прекумерно користење на пат,
   ѓ) вонреден превоз и
   е) штета сторена на патот и објектите на патот;
5) средства од Буџетот на Република Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта .

Средствата се трансферираат од Буџетот на Република Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку 4 пати годишно, во интервали од најмногу 3 календарски месеци.

I.1 Во 2018 година се планира да се остварат **приходи** во вкупен износ од **7.243.000.000 денари,** и тоа:

I.1.1 Од делот од **акцизата** од деривати од нафта за 2018 година планирани се **2.800.000.000 денари.**

I.1.2 Од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објектот на патот **(патарина),** се очекува приход во износ од **2.750.000.000 денари**. Вкупниот приход по овој основ пресметан е врз база на остварената фрекфенција на сообраќајот по видови и категории на возила во 2017 година и остварените приходи од претходните години, како и од Одлуката за определување на висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на автопатските делници во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.89/09) и Одлуката за измена на Одлуката за определување на висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на автопатските делници во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.103/14).

I.1.3 Планираниот приход од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при **регистрација на возилата**, изнесува **1.650.000.000 денари.** Приходот е планиран и се реализира согласно Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен Весник на на РМ" бр.118/09) и Одлуката за измена на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен Весник на РМ" бр.103/14), како и врз основа на остварените приходи од претходните години по овој основ.

I.1.4 Другите приходи од работењето во 2018 година се очекува да изнесуваат **43.000.000 денари**, а се планира да се остварат од разни надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта и тоа:

- поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
- приклучување на пристапен пат на државен пат,
- поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
- изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
- прекумерно користење на пат,
- вонреден превоз и
- штета сторена на патот и објектите на патот;

I.2 За 2018 година се планира да се остварат приливи од странски кредити и заеми во вкупна вредност од **13.314.000.000 денари**

| ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ | Вкупно за 2018 година |
|---|---|
| **ПРИХОДИ** | **7.243.000.000** |
| 1. Акциза од деривати од нафта | 2.800.000.000 |
| 2. Патарина | 2.750.000.000 |
| 3. Регистрација (патна такса) | 1.650.000.000 |
| 4.Други приходи од работењето | 43.000.000 |
| **ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ И ЗАЕМИ** | **13.314.000.000** |
| 1. Кредити од Светска банка | 2.255.000.000 |
| 2. Кредити од ЕБОР | 4.059.000.000 |
| 3. Кредити од Ексим Банка | 7.000.000.000 |
| **Вкупно приходи и приливи** | **20.557.000.000** |

## II.

## ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОТПЛАТА НА КРЕДИТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2018 ГОДИНА

**II.1 За 2018 година планирани се трошоци во вкупна вредност од 2.383.400.000 денари, и тоа:**

II.1.1 За трошоци за потрошни материјали, ситен инвентар и гориво планирани се 21.000.000 денари. Овие трошоци се однесуваат за набавки на потрошен материјал за принтери и копири, ролни за фискални каси на наплатни станици, фотокопирна хартија, гориво за агрегати и службени возила, ХТЗ опрема за вработените на наплатните станици и други трошоци за канцелариски материјали.

II.1.2 За услуги за одржување на државни патишта, одржување објекти и опрема, комунални услуги и други услуги планирани се вкупно **961.000.000 денари.** Овие трошоци најголем дел се однесуваат за тековно одржување на патиштата, преку договор склучен со ЈП Македонијапат, потоа услуги за одржување на опрема и објекти (компјутерска опрема, софтвер, лифтови, фотокопири и принтери, клими, возила, агрегати и сл.), одржување на постоечкиот систем за наплата на патарини, консултантски услуги за стручни анализи и мислења, комунални услуги, услуги за хигиена, електрична енергија, провизија за Здруженијата за технички преглед, адвокатски, нотарски и др. услуги.

II.1.3 За плата и други надоместоци за вработените планирани се вкупно **250.000.000 денари**. Овие средства се предвидени за исплата на бруто плата и разни надоместоци за вработените.

II.1.4 За трансфер кон ЕЛС за реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, планирани се средства во износ од **300.000.000 денари**.

Средствата се трансферираат кон Единиците на локална самоуправа по доставена програма за тековната година и извештај за претходната година.

II.1.5 За плаќање на даноци, повраток на средства од регистрација, банкарски провизии и останати трошоци од работењето планирани се **271.000.000 денари**, во кои спаѓаат: исплата на данок на добивка и аконтативни месечни исплати по истиот, повраток на средства од регистрација на моторни и приклучни возила за меѓународен транспорт, банкарски провизии кои произлегуваат од секојдневното работење на ЈП за државните патишта, и останати трошоци (осигурување на вработени и имот, транспорт на вработени, систематски преглед, експресно пренесување на пратки, надоместоци за членови на УО и НО и сл.)

II.1.6 За исплата на камати од земени кредити од меѓународни кредитори во 2018 година предвидени се средства во износ од **580.400.000 денари**.

II.2 Јавното претпријатие во 2018 година планира да реализира инвестиции во вкупна вредност од **16.748.600.000 денари**, и тоа за следните проекти:

II.2.1 За инвестиции со сопствени средства предвидени се **3.434.600.000 денари.**

II.2.1.1 За градба, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестициите од странски кредити планирани се **2.236.600.000 денари.**

Овие средства се предвидени за реализација на следниве проекти:

- Изведба на градежни работи на делницата Опае – Белановце - Станчиќ,
- Продолжување работите за санација и рехабилитација на државен пат А1, делница Неготино – Демир Капија,

- Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика „Вевчанка – Здравствен дом Вевчани,
- Рехабилитација државен пат 1301, делница Охрид кај бензиска пумпа Биљанини извори (Туристичка лев коловоз и десен коловоз) – Коњско (хотел Метропол),
- Рехабилитација делница Сарај - Групчин,
- Рехабилитација Петровец-Миладиновци и Кадино-Хиподром,
- Изградба на мост на државен пат Р2136 на р.Пчиња кај Коњаре,
- Рехабилитација на делница Битола – Новаци,
- Рехабилитација делница Петровец-Катланово,
- Рехабилитација државен пат Р1202 кружен тек - ГП Блато,
- Рехабилитација А3 Јанковец-Ресен-Макази,
- Рехабилитација делница мост Близанско - Калуѓерац,
- Рехабилитација на државен пат Р2234 делница Пршовце – Јегуновце,
- Рехабилитација делница Берово-Струмица,
- Рехабилитација спора лента Валандовско брдо,
- Рехабилитација делница Гостивар (мост с. Здуње) - до с. Колари,
- Рехабилитација делница Ропалце-Матејче-Липково,
- Изградба на наплатни станици на автопати (преод Кадрифаково-Арбиново)
- Санација на мостови на државен пат А2 Гостивар (мост кај с.Здуње) до с.Колари
- Санација на горен строј на мостови,
- Санација на свлечишта,
- Осветлување на повеќе клучки и мостови
- Поставување на сообраќајна сигнализација и опрема на патишта
- И други проекти

Во овој дел од програмата е и сопственото учество во инвестициите со странски кредити. Овие средства воглавно го покриваат сопственото учество од 10% согласно договорот со Ексим банка за градба на патните

правци Кичево-Охрид и Миладиновци-Штип и плаќањето на данокот на додадена вредност за дел од проектите што се финансираат од ЕБРД.

II.2.1.2 За инвестиционо одржување на патиштата предвидени се **470.000.000 денари**, кои ќе се реализираат преку Договорот со ЈП Македонијапат, предвидени во Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта за 2018 година.

II.2.1.3 За експропријација на земјиште, објекти, шуми, насади и поседи на делниците кои се планираат за изградба, потоа за обележување на патен појас-експропријационен, проценка на вредност на земјиштето и вештачење на објекти, изработка на геодетски елаборати, во текот на 2018 година, планирани се **122.000.000 денари**;

II.2.1.4 За изработка на проектна документација и надзор над градежните работи на државните патишта, предвидени се средства во износ од **579.000.000 денари.** Оваа позиција ги опфаќа трошоците за изработка на физибилити студии, инфраструктурни проекти, студии за животна средина, основни проекти и други делови на инвестиционо - техничка документација, како и надзор на изградбата и одржувањето на патиштата, при што и надзорот на инвестициите финансирани од странски кредити се обезбедува од сопствените приходи на Јавното претпријатие.

II.2.1.5 За набавка на опрема и софтвер планирани се **27.000.000 денари**.

II.2.2 За инвестиции од странски кредити предвидени се **13.314.000.000 денари,** и тоа финансирани од: Светска Банка, Европска Банка за обнова и развој и Ексим Банка – НР Кина.

II.2.2.1 Планираните инвестиции со кредити од Светска банка се во износ од **2.255.000.000 денари**, за следниве проекти:

- Со Проектот за подобрување на магистрални и регионални патишта, финансиран од Светска Банка, ќе се рехабилитираат магистрални и регионални патишта и ќе се реализираат следниве проекти:
  - набавка, инсталација и одржување на бројачи на сообраќај,
  - IRAP програма за проценка на безбедноста на патиштата,
  - RAMS софтвер и консултантски услуги,
  - Рехабилитација на државен пат А3 делница Кочани-Делчево,
  - Санација на свлечишта Лот1 Тетово-Попова Шапка, Маврово-Дебар, Гостивар-Кичево,
  - Санација на свлечишта Лот2 Лакавица-Неготино, Делчево-Берово, Битола-Новаци
  - Рехабилитација на 12 државни патишта

- Со Проектот за унапредување и развој на патиштата, финансиран од Светска Банка, ќе се реализираат следниве проекти:
  - Израдба на експресен пат на делницата Ранковце - Крива Паланка

II.2.2.2 Кредити од Европска Банка за обнова и развој во износ од **4.059.000.000 денари**, за следниве проекти:

- Со Проектот за регионални и општински патишта, финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се реализира следниов проект:
  - Изградба на спој на експресен пат Весел-Кадрифаково со постојан регионален пат 1204

- Проектот за воведување на електронски систем за наплата на патарини на Коридор 10

- Со Проектот – Програма за национални патишта, финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се реализираат следните проекти:

- Изградба на Градско-Прилеп, делница Фаришка и Дреновска клисура,

- Изградба на експресен пат Штип – Кочани,
- Рехабилитација на 26 државни патишта
- Воведување дигитална архива

- Со Проект финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се гради патниот правец Штип – Радовиш – експрен пат.

- Се планира изградба на патните правци К.Паланка-Деве Баир и Гостивар-Кичево со обезбедување средства од МФИ.

II.2.2.3 Кредит од Ексим Банка во износ од **7.000.000.000 денари**, за финансирање на:

- Изградба на автопат Миладиновци – Свети Николе – Штип,
- Изградба на автопат Кичево - Охрид

II.3 Јавното претпријатие во 2018 година по основ на отплата на главнина за странски кредити ќе исплати **1.425.000.000 денари**.

Вкупните трошоци, инвестиции и отплата на кредити прикажани се во следиот преглед:

| ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОТПЛАТА НА КРЕДИТИ | **Вкупно за 2018 година** |
|---|---|
| I. ТРОШОЦИ | **2.383.400.000** |
| Трошоци за потрошен материјал, ситен инвентар и гориво | 21.000.000 |
| Услуги за тековно одржување на државни патишта, одржување на објекти и опрема, провизии за здруженија за технички преглед, комунални услуги и др. | 961.000.000 |
| Плата и други надоместоци за вработените | 250.000.000 |
| Трансфер кон ЕЛС за одржување на општински патишта и улици | 300.000.000 |
| Даноци, поврат ок на с-ва од регистрација, банкарски провизии и сл. | 271.000.000 |
| Камати од земени кредити од странски кредитори | 580.400.000 |
| II. ИНВЕСТИЦИИ | **16.748.600.000** |
| **Инвестиции од сопствени средства** | **3.434.600.000** |
| Градба, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта, и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 2.236.600.000 |
| Инвестиционо одржување на патишта | 470.000.000 |
| Експропријација | 122.000.000 |
| Проектирање и технички надзор на градежните работи | 579.000.000 |
| Опрема и софтвер | 27.000.000 |
| **Инвестиции од странски кредити** | **13.314.000.000** |
| III. ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА НА СТРАНСКИ КРЕДИТИ | **1.425.000.000** |
| **Вкупно трошоци, инвестиции и отплата на главнина** | 20.557.000.000 |

III.

Оваа програма стапува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе почне да се применува по добиената согласност од Владата на Република Македонија.

Претседател на Управен одбор

Љупка Цикарска